ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**ТОП ВЕСТИ:**

- Буџетот за 2024 г тежи 364.592.517 ден
- Владина делегација во посета на Делчево
- Ќе се подготвува техничка документација за изградба на кружни текови во Делчево
- ЗФГ„Копачка“ одбележа 75 години постоење

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 42

ДЕКЕМВРИ 2023

## Среќна Нова 2024




### Буџетот за 2024 г тежи 364.592.517 ден



### Владина делегација во посета на Делчево



### ЗФГ„Копачка“ одбележа 75 години постоење



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Донесен Буџетот за 2024 на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево на 30-та Седница го донесе Буџетот на Општина Делчево за 2024 година, планиран во износ од **364.592.517 денари** или **5.928.334 евра.**

Капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од 55.355.583,00 ден. или 15,2%, додека тековно- оперативните расходи се планирани во износ од 309.236.934,00 денари – 84,8%. Основниот буџет е планиран на износ од **117.839.697 ден.** од кои капиталните расходи се планирани во износ од 48.485.583 денари, или 41,1%, додека тековно-оперативните расходи се планираат во висина од 69.354.114 денари, или 58,9%.

Планираните капитални расходи во Основниот буџет во најголем дел се однесуваат за изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа, како во урбаниот, така и во руралниот дел на општината, за кофинансирање за изградба на капитални проекти, за изградба и реконструкција на водоводи, за изготвување нови проекти. И, како што истакна раководителката на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци, Ана Ситновска-Димитровска, Буџетот за 2024 година е развоен, затоа што најголем дел од проектираните средства се расходи наменети за капитални проекти.

Клучни капитални проекти на кои ќе се посвети големо внимание е изградбата на нова детска градинка со капацитет од 130 деца, проект со проектирана вредност од 60. 000 000 ден., потоа за изградба и реконструкција на улици и патишта ќе се инвестираат 25.193.000 денари, се издвојуваат над 6 милиони денари за втората фаза од реконструкцијата на салата АСНОМ и набавка на опрема за салата.

Освен капиталните ставки планирани се средства и за социјални трансфери: еднократна парична помош-650.000 денари; помош за новороденчиња-200.000 денари; исплата на првачиња-310.000 денари; стипендии за студенти за поддршка на млади таленти во износ од 450.000 денари; трансфери до здруженија на граѓани и фондации-400.000 денари, трансфери до спортски клубови-800.000 денари, наградно патување за најдобрите 10 матуранти-300.000 денари.

На Седницата беа донесени: одлуките за доделување општински стипендии за средношколци во две категории, како и одлуките за доделување општински стипендии на студенти во две категории; Одлука за ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3 до 6 години во ОЈУДГ „Весели цветови“; Програмата за одржување јавна чистота; Извештај за 2023 и Програма за работа за 2024 г на ЈЛБ „Илинден“; Одлука за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Делчево; Програма за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општината за 2024 г. Програма за изградба , реконструкција, одржување на општински патишта и улици, Програма за изработка на урбанистички планови, Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2024 г.

Исто така, на последната Седница на Советот за 2023 г. беше донесена и Одлуката со која се дава согласност на Статутот на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе.

Актуелности

# Новогодишна честитка од градоначалникот Трајковски



Почитувани сограѓани,
Во пресрет на новата 2024 година, ви испраќам честитки за среќна и бериќетна нова година. Во вашиот дом да владее здравје, спокој и оптимизам и, позитивната енергија, да биде ваша водилка.
Новата година е нов почеток исполнет со магијата на споделувањето среќа која раѓа топлина и убавина. Новата година е ново поглавје во животот што чека да се напише. Нови прашања што треба да се решат, луѓе да се прегрнат и да се сакаат, нови одговори што треба да се откријат и живеат.
Во пресрет на Новата година, не треба да се заборави дека и во старата- заедничкиименител на сите наши напори, како Општина и градоначалник, е работа во интерес на граѓаните.
Одговоривме максимално на предизвиците, завршивме капитални проекти кои ќе го носат потписот на нашата посветена работа и максимална ангажираност. Делчево во годината која изминува, го доби својот современ градски пазар, гордост на градот, но и на целиот регион, завршена е изградбата на пречистителната станица за вода за пиење со лабораторија, завршивме многу проекти и отпочнавме нови. Инвестициите, за две години, се историски за Делчево- над 420 милиони денари.
Но, не застануваме тука, за наредната најавуваме реализација на нови капитални инвестиции кои ќе донесат развој во сите полиња од живеењето.
Во Новата година влегуваме со нова енергија во остварување на нашите планови и програми во интерес на граѓаните и развојот на Делчево.
Наздравете за новиот почеток, за Новата 2024!
Среќна Нова година и среќен Божиќ!

Актуелности

# Владина делегација во посета на Делчево



Во работна посета во Делчево престојуваше владина делегација со цел да се направи увид во тековните и завршените проекти во Делчево поддржани со финансиски средства од Владата. Заедно со градоначалникот Горан Трајковски, министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски, министерот за земјоделство, Љупчо Николовски и министерката за животна средина и просторно планирање, Каја Шукова, беше направен увид на реконструираните улици кои беа оштетени од невремето што го зафати Делчево.

Министерот Бочварски истакна дека преку Министерството за транспорт и врски ,тука, во Делчево се реализираат голем број проекти во делот на патната и комуналната инфраструктура.

„Покажавме спремност и одговоривме на предизвиците, граѓаните да бидат уверени, како Влада тука сме да помогнеме и да ја оправдаме довербата која тие ни ја имаат дадено", изјави министерот за транспорт и врски Благој Бочварски.

Дополнително, министерот Бочварски истакна дека Министерството за транспорт и врски преку Проектот за поврзување со локални улици и патишта вложува средства во висина од над 780 илјади евра во општина Делчево, а во делот на комуналната инфраструктура, само во последните 12 месеци реализирани се комунални проекти со вредност од 330 илјади евра.

Министрите Николовски, Бочварски и Шукова заедно со градоначалникот Трајковски извршија и посета на новиот затворен пазар во Делчево. Изградбата на овој пазар ќе го направи Делчево, како погранично место, економски центар, не само за градот, туку и регионот. Министерот Николовски истакна дека во Општина Делчево преку Програмата за рурален развој на министерството, обезбедена е поддршка и за реконструкција на локалениот пат Л3 (Делчево-Очипала-Драмче-Вратиславци). Потоа поддршка на проект за изградба на фекална канализација во населба Бесарица и во дел во населба покрај локалниот пат од с. Киселица до с.Вратиславци, како и изградба на улици во населба Басарица. Поддржани проекти на општина Делчево за периодот од 2017 до 2022 година, во вредност од 44,7 милиони денари.

Министрите при денешната посета на Делчево извршија и увид во изградбата на филтер-станицата за вода, важен капитален проект со кој се обезбедува чиста вода за пиење на граѓаните.

„Општина Делчево ја помагаме во завршувањето на реализацијата на проектот за изградба на филтер-станицата за вода за пиење и во докомплетирањето на системот за водоснабдување на населените места Ѕвегор, Габрово и Вирче, во унапредување на системот за управувањето со отпад преку доделување на опрема, а од заемот од ЕИБ, ќе се финасира регулација на речно корито на Брегалница и реконструкција на каналот за наводнување", изјави министерката за животна средина и просторно планирање Каја Шукова.

Градоначалникот на општина Делчево, Горан Трајковски изрази задоволство од денешната посета на Делчево, на министрите, кои беа клучни партнери во реализацијата на важни проекти за општината, преку кој создаваме услови за подобар квалитет на животот на сите граѓани на Делчево.

„Изминатиов период, работевме на реализација на низа проекти со голема поддршка на Владата, која секогаш има слух за потребите и барањата на граѓаните на Делчево. На сите овие објекти, на сите овие проекти, стои потписот на актуелната локална власт и Влада. Сите овие објекти ќе останат да сведочат за генерации и генерации граѓани и тие се уште еден доказ дека, кога се работи посветено, одговорно и домаќински, нема што не може да се направи за своите граѓани", изјави градоначалникот Горан Трајковски.

Трајковски најави и сериозни нови инвестиции за наредната 2024 г:

– Преку МЖСПП инвестираме 573 илјади евра за регулација на речното корито на река Брегалница во должина од 500 метри низводно до мостот на ул „Индустриска" и реконструкција на каналот за наводнување. Потпишавме договор со МТВ вреден 15 милиони денари за изградба на улици во три населби во градот, преку Бирото за регионален развој ќе се гради стариот пат Делчево-с. Ѕвегор и улици во населбата Ѕвегорска Река. Во полн ек е изградбата на новата детска градинка и очекувам да ја финализираме кон крајот на идната година, инвестиција вредна 60 милиони денари. Делчево е релативно мала општина, но таа се стреми, како во големите градови, да создава услови кои ќе донесат развој и подобар квалитет на животот на граѓаните, нагласи Трајковски.

# Министерката за култура Костадиновска-Стојчевска во посета на Делчево

Актуелности



Новиот лик на култното место за културата во Делчево, салата во Спомен-дом АСНОМ, резултат од реализацијата на проектот поддржан преку Програмата за користење капитални дотации до единиците на локалната самоуправа на Министерството за култура, беше презентиран пред министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска која беше во работна посета на Делчево.

Министерката за култура Костадиновска-Стојчевска и градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, направија увид пред отворење на реконструираната сала, а проектот е со вкупна вредност од 10.6 милиони денари од кои Министерството за култура инвестира 9.6 милиони денари, а останатите средства ги обезбеди Општина Делчево.

Градоначалникот Трајковски изразувајќи благодарност до министерката Костадиновска-Стојчевска и Министерството за култура за поддршката на Делчево истакна дека за Делчево реализацијата на проектот е по многу нешта значаен, бидејќи салата не беше реконструирана уште од нејзиното отворање во 80-тите години на минатиот век и се соочувавме со сериозни проблеми при организирањето на секој настан, а поради лошата состојба во која се наоѓаше салата, многу настани веќе не ги ни одржувавме во оваа сала.

-Денес веќе имаме друга слика- преку проектот: инсталирана е акустична и топлинска изолација, реконструирана е сцената, ново осветлување, озвучување и затоплување, изградени се помошни простории до сцената, наменети за гардероби и опрема и реквизити, изградена е рампа за лица со попреченост и, за прв пат, обезбедуваме пристап на овие лица на културните настани во оваа сала; изградени се санитарни чворови, извршена е рехабилитација на постоечкиот под на фоајето, реконструкција на постоечкиот плафон, замена на внатрешните врати и прозорци. Во втората фаза, што е обврска на општината, ќе набавиме топлотни пумпи за греење и нови столици, истакна Трајковски.

Министерката Костадиновска-Стојчевска истакна дека со инвестициите во културните објекти се обезбедуваат услови за негување на традицијата, но и за привлекување на младите да ја продолжат традицијата и негувањето на културните обележја на Пијанечкиот крај.

-Делчево добива место со сите современи услови кои ги бараат современите културни текови. Реализацијата на проектот е само уште една потврда за приоритетите на Владата и на Министерството за култура за грижата за културата и за поттикнување на локалниот културен развој. Така ќе продолжиме и следната година и ги повикувам и останатите локални самоуправи да аплицираат со проекти, по примерот на општина Делчево, нагласи Костадиновска Стојчевска.

Министерката и градоначалникот остварија средба и со претставниците од институциите и здруженијата од областа на културата во Делчево кои добиваат финансиска поддршка од Минситерството и од Општина Делчево, а го проследија и дефилето на ЗГФ„Копачка“, организирано по повод јубилејот 75 години од формирањето на фолклорното друштво.

Актуелности

# Потпишани договори за нови инфраструктурни проекти во Делчево



Градоначалникот Горан Трајковски во Владата го потпиша договорот за реализација на три инфраструктурни проекти. Со поддршка на Владата на РСМ, ќе се градат нови улици во три населби во градот со што ќе се создадат услови за подобар квалитет на животот на граѓаните, а со современи сообраќајници ќе се заменат досегашните земјени улици.

Договорот за реализација на проектите е вреден 15,7 милиони денари. Конкретно за Делчево ќе се реализираат следните инфраструктурни проекти:

-Изградба на улица „ 3“, „5“и „6“ во населба „Пролет“, во должина од 510 м, со вредност од 9.225.000 денари,

- изградба на краци на улица „Орце Николов“ во должина од 300м, со вредност од 3.640.000 денари

- изградба на дел од улица– булевар „Македонија“ во должина од 141м во вредност од 2.878.000 денари. Со реализацијата на овој инфраструктурен проект ќе се поврзе улицата-булевар„Македонија“ со ул „Пере Тошев“.

Градоначалникот Трајковски нагласи дека реализацијата на овие проекти е одговор на барањата на нашите сограѓани и чекор повеќе за убав и модерен изглед на Делчево.

-Владата на РСМ одговара на барањата на општините и на граѓаните, во Делчево, конкретно, со проекти и со средства. Изразувам благодарност за поддршката на Делчево и ми претставува задоволство што оваа 2023 година ја завршуваме со најавата за реализација на нови проекти, значајни за граѓаните, рече Трајковски.

# Нов асфалт на ул „Острец“

Актуелности



Заврши асфалтирањето на ул „Острец“ со што заврши реконструкцијата на оваа улица која е клучна сообраќајница во населбата Трети Реон. Реконструкцијата се одвиваше по целата должина на улицата од 600 м., а опфати гребење на стариот асфалт и поставување нов асфалт со што жителите од населбата добиваат современа сообраќајница со подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот, но и соодветен пристап на противпожарни и амбулантски возила со што се одговара на приоритетите на жителите од населбата, но и на сите граѓани. Вкупната вредност со ДДВ на овој проект е 3.169.333 ден. Од нив, МТВ преку Стратегијата и Декадата на Ромите инвестира 931.973 ден, а Општина Делчево 2.237.360 ден.

Градоначалникот Горан Трајковски направи увид во завршните работи на улицата при што истакна дека реконструкцијата на оваа улица е уште еден доказ за сериозниот пристап во решавањето на проблемите со инфраструктурата во градот и максималните заложби да се подобри квалитетот на животот на граѓаните на Делчево.

Реконструкцијата на улицата е финална фаза од градежните работи кои се изведуваа во оваа населба. Претходно на ул „Острец“се реконструираше и критичната кривина на улицата која денес е со проширен коловоз, тротоари, потпорен ѕид, изградена е атмосферска канализација, а овој дел од улицата има и соодветно сообраќајно обележување. Исто така, претходно на овој реон од Делчево беше извршена и реконструкција на водоводната мрежа и замена на старата мрежа со пвц-инсталации во должина од 400 м.

# Засадени нови садници во Делчево

Актуелности




Садници од јавор и црвена слива ќе ги красат зелените површини кај новиот градски пазар и пешачкиот мост. Во акцијата за пошумување која ја спроведоа екипи на ЈКП „Брегалница“ се засадени 70 садници јавор и 30 садници црвена слива. Дополнително ќе се врши пошумување и на јавните зелени површини од паркот „Езерца“ кон градскиот стадион. Исто така, ќе се изврши замена на оштетените садници засадени во централното градско подрачје и на зелените површини по булеварот „Македонија“.
Садниците ги набави Општина Делчево во тендерска постапка при што од Буџетот се одвоени 233.640 ден. со вклучен ДДВ. Економски оператор е „Градина цвет“ од с. Владиевци Василево, како најдобар понудувач.
Градоначалникот Горан Трајковски направи увид на почетокот на акцијата и истакна дека целта на оваа акција е да се збогатат содржините во јавните зелени површини во градот, да се оплемени и озелени просторот околу новите објекти, новиот градски пазар и пешачкиот мост со што овој дел од градот, каде претходно се изградени и современи сообраќајници и паркинг-простор, да добие современ урбан лик и зелени површини.
Засадувањето на новите садници значително ќе влијаат и на прочистувањето на амбиенталниот воздух и почиста животна средина.

# Распишан Јавен повик за нови членови на Локалното собрание на млади

Актуелности



Општина Делчево ја започна постапката за новиот состав на Локалниот совет на млади кое е советодавно и претставничко тело за младински прашања и политики и го поттикнува младинскиот активизам.

За таа цел, Локалното собрание на млади при Општина Делчево распиша Јавен повик за избор на нови членови на Локално собрание на млади од 15 до 29 години. Повикот е отворен за сите младински организации, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои ги исполнуваат критериумите предвидени во повикот и ќе достават навремена и комплетна документација. Мандатот на членовите на Локалното собрание на млади е 2 години со право на уште еден избор. Собранието по конституирањето ќе донесе Одлука за распишување повик за формирање Локален младински совет на Општината и ќе избере членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање.

Претставниците на Локалниот младински совет, како советодавно и претставничко тело за младински прашања и политики ќе имаат право да:

– предлагаат точки на дневен ред на Советот на Општина Делчево,

-иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,

– доставуваат информации до Општина Делчево за прашања кои се однесуваат на младите и

– вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со законот за младинско учество и младински политики.

Актуелности

# Ученици и институции дебатираа за насилството во сите форми




За насилството во сите форми дебатираа учениците од Делчево со претставници од институциите во рамките на работилница на тема „Инвестирајте за да го спречите насилството врз жените и девојчињата“.

Работилницата беше организирана од Општина Делчево и заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа РОМАКТЕД фаза 2 во соработка со Министерството за труд и социјална политика, а во неа активно учество имаа преставниците од ЦСР-Општина Делчево, ОВР–Делчево, КЕМ на Општина Делчево, како и ученици од двете основни училишта и Средното општинско училиште и стручните служби од училиштата.

Насилството, без разлика дали е врсничко или родово базирано, дали е физичко или психичко, или сајбер, е проблем за кој мора отворено да се разговара, да се инвестира во превенцијата, да се препознава и соодветно да се реагира кај стручните служби во училиштата или до институциите, порачаа учениците кои потенцираа дека сакаат живот без насилство.

Денешната активност е дел од глобалната кампања „16 дена активизам против родово базирано насилство“.



# Денови на хуманост-дарувај со љубов

Актуелности



Со шаренило од активности со заеднички именител за свет без различности и секој еден е важен, започна реализацијата на годинешната кампања „Денови на хуманост-дарувај со љубов“ која 6 години ја организираат локалните институции со покровителство на Општина Делчево, а по повод Светскиот ден на лицата со посебни потреби.

Обединети со заедничка цел будење на филантропијата и општествената одговорност и подигање на свеста за лицата со хендикеп и нивното место во општеството, активно се вклучија образовните институции и детската градинка, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево, НВО „Бравура кооператива“ и Клубот ИНТЕГРА.

Ликовното студио и ателје „Љубомир Белогаски“ при НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ со поддршка на Министерството за клултура и оваа година ја организираа традиционалната ликовна работилница која ги обедини членовите на ликовното студио, ученици од основните и средното училиште од Делчево и децата со попреченост, каде се учеа тајните на сликарството и се твореше на тема „Зимска идила“. Како што истакна стручниот соработник Александар Белогаски, интересот за оваа активност е голема и претставува радост и предизвик кај децата кои ги учат техниките на сликарството и даваат свој придонес во креирање на едно ликовно дело. Дваесетте заеднички создадени ликовни творби ќе бидат подарени на Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево.

Под мотото „Секој е посебен на свој начин“, ЈЛБ„Илинден“ заедно со првооделенците од ООУ„Ванчо Прке“-Делчево, во градскиот парк ги пуштија кон небото шарените балони на кои имаше испишано пораки:

– ДА БИДЕМЕ ДРУГАРИ, ИСТИ СМЕ!
– НЕ ПАРКИРАЈ НА ПАРКИНГ НАМЕНЕТ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ!
– ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП НЕ СЕ БОЛНИ И НЕ МОЖАТ ДА ТЕ ЗАРАЗАТ.
– ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ДА ИЗГРАДИМЕ ПОДОБРО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ!
-УБАВИНАТА Е ВО РАЗЛИЧНОСТА.

Во двете основни училишта беа организирани низа настани: натпревари за литературни творби,ликовни изложби, спортски и музички игри, училишен базар и сл., а ЈЛБ „Илинден“

Актуелности

# Промовирани изработките од клубот ИНТЕГРА



Стотина украсни свеќи, најразлични рачни изработки и украси, изработени од лицата со попреченост, обединети во Клубот за рехабилитација и реинтеграција ИНТЕГРА, беа изложени во просториите на Клубот како дел од завршните активности на кампањата „Денови на хуманост-дарувај со љубов“. На презентацијата на производите и услугите на Клубот кој започна со работа од почетокот на месец септември, присуствуваше градоначалникот Горан Трајковски кој изрази задоволство од посветеноста и организираноста на корисниците и вработените за имплементацијата на предвидената програма.

– Ми претставува задоволство што промовираме дел од резултатите од новата социјална услуга која е директно насочена кон лицата со попреченост. Овој Клуб ИНТЕГРА обезбедува рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост преку психосоцијална поддршка, терапевтска работа, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење. Ме радува фактот што токму овие лица создаваат дела, но пред сѐ, од придобивките кои ќе произлезат од процесот на интеграција на овие лица во секој аспект на политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот. Очигледно е задоволството кај корисниците, интересот кој е на високо ниво и мотивираноста. Па, јас им посакувам успешна работа, а Општината ќе биде секогаш нивен партнер од доверба и поддршка за нивната работа и промоција, посочи Трајковски.

Во услугата се мапирани 12 корисници над 18 години, од кои 9 лица се вклучени во редовни дневни активности, а другите поради одредени околности во моментот не се дел од услугата. Лицата ќе развиваат работни вештини кои ќе им послужат за нивно работно интегрирање. Ова е, всушност, почеток на еден вид социјално претприемништво кој започнува во Делчево, нагласи одговорното лице во Дневниот центар, Александар Николов.

– Воведувањето на новата социјална услуга за лица со попреченост е добра практика која овозможува поголема интеграција на овие лица во општеството. Набавена е опрема, сито- печат, модели за изработка на восочни свеќи, модли за гипсени производи, опрема за сечење и бигување хартија за изработка на хартиени ќесиња, машина за ШИЕЊЕ оверлок, фотокопир во боја, спортско- рекреативна опрема , компјутери, а паралелно се набавуваат репроматеријали, истакна Николов.

Клубот се реализира преку Проектот за подобрување на социјалните услуги финансиран од МТСП во висина од 2, 4 милиони денари со поддршка на Општина Делчево, а го имплементира Здружението на граѓани „Бравура кооператива“.

# Лицата со посебни потреби-безбедни учесници во сообраќајот

Актуелности




Во рамките на активностите предвидени за кампањата „Денови на хуманост-дарувај со љубов“, а по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, во Дневниот центар за лица со посебни потреби во Делчево, се учеше како тие да бидат безбедни учесници во сообраќајот додека се движат по улиците.

Работилницата за унапредување на безбедноста на пешаците со посебен акцент на лицата со попреченост е во рамките на актуелната кампања „Се движиме безбедно“ на Општина Делчево и Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево во соработка со ОВР Делчево.

Преку работилницата, корисниците на Дневниот центар преку едукативно предавање беа запознати со сообраќајната инфраструктура, правилата и прописите во сообраќајот кои, главно, се однесуваат на пешаците, сообраќајната регулација, опасни ситуации итн. Исто така, во делот на регулирањето на сообраќајот, со дидактички средства и преку игра, се запознаваа со сообраќајните знаци коишто се однесуваат на пешаците.

Актуелности

# Се конституираше новиот состав на Советот за социјална заштита

Советот за социјална заштита ја одржа Конститутивната седница на која со консензус го избра новото раководство на Советот формиран на последната Седница на Советот на Општина Делчево чиј мандат е 4 години. За претседател на Советот за социјална заштита е избрана професорката Весна Димитровска, Влатко Митев е заменик-претседател и Сузана Петровска за секретар на Советот.

Ова е втор состав на Советот за социјална заштита на Општина Делчево, откако на претходниот состав им истече мандатот. Надлежностите на Советот се во насока на подобрување на состојбата на ранливите категории граѓани, следење на состојбата, преземање локални мерки и активности на полето на социјалната заштита, а воедно изготвува Социјален план за подрачјето на Општина Делчево, Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на Општина Делчево по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на РСМ.

Во вториот состав на Советот за социјална заштита на Општина Делчево, членови се претставници од Општина Делчево, ОВР Делчево, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална заштита, НВО-секторот и образовните институции и верските заедници: Сузана Петровска, претставник на Општина Делчево, Марија Аџиска, претставник на ОВР Делчево, ПС- ОН Делчево, Кристина Аралампиевска, претставник на Основно јавно обвинителство Делчево, Спец. ***Др Љупка Калаџиска*** , претставник на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев„ Делчево, Влатко Митев , претставник на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево, Сања Костадиновска претставник на Центар за вработување Делчево, Весна Димитровска, претставник на СОУ „М.М.Брицо„ Делчево, ***Маријана Стоименовска***, претставник на ООУ „Ванчо Прке„ Делчево, Верица Боинска, претставник на ООУ „Св.Климент Охридски„ Делчево, Билјана Ѓеоргиевска, претставник на Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Делчево, Александар Николов, претставник на ЗГ „БРАВУРА КООПЕРАТИВА„ Делчево, Санела Момчилов, претставник на НВО КХАМ Делчево, Бети Толевска , претставник на Организација ЖЕНА Делчево, **Презвитер Милан Ничевски**, претставник на Делчевско – Каменичка епархија, Оџа Сефадин Селимовски, претставник на Исламска Верска Заедница Џамија „Фатих Мехмед II„ Делчево.

# Поделени хуманитарни пакети во пресрет на новогодишните празници

Актуелности



Денеска во Делчево се реализираше традиционалната хуманитарна акција по повод новогодишните празници и Денот на солидарноста, 20 Декември. Општина Делчево заедно со компанијата „Зегин“ поделија 40 пакети со храна кои беа дистрибуирани во ОО на Здружението на пезнионерите во Делчево, црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Делчево, како и до Цамискиот одбор на градската џамија „Султан Мехмед Фатих ıı“, каде одговорните лица ќе ги распределат пакетите до своите верници на кои оваа помош им е непоходна и добредојдена.

Како што истакна градоначалникот Трајковски, целта на хуманитарната акција е да се обезбеди побогата празнична трпеза и да се помогне на семејствата достоинствено да ги прослават празниците и да се покаже на дело дека никој не е заборавен.

– Декември како месец на радост, прослава, топлина, давање, дружење и помагање, исто така, е и месец во кој се слави Меѓународниот ден на човечката солидарност, 20 Декември. Ден како потсетник за важноста на солидарноста, ден кој ги поврзува и обединува народите. Важно е да им помагаме на другите во тешките моменти, да се радуваме на туѓите успеси, да сочувствуваме со другите. Солидарноста, сочувството и помагањето на другите, се благородни особини кон кои општеството и поединецот треба постојано да се стремат, порача Трајковски.

Актуелности

# Извршена дератизација на градските шахти



Во текот на утринските часови во Делчево беше извршена дератизација на градската канализациска мрежа. Дератизацијата ја вршеа стручни екипи од ЈЗУ Центар за јавно здравје, Кочани, ПЕ Делчево во соработка со претставници од ЈКП „Брегалница“ и овластени лица од Одделението за инспекциски надзор при Општина Делчево.

Според предвидените параметри, за успешно справување со овој тип преносители на заразни заболувања, третирани се над 80 канализациски шахти и градската депонија со 40 кг. средство „Бродисан“ во вид на гранули и коцки за неутрализирање на преносителите, глувци и други глодари кои се потенцијални преноститeли на вектор заразни заболувања.

Оваа мерка е согласно со Програмата за заштита на населението од заразни и други заболувања и се спроведува редовно, најмалку еднаш годишно на територијата на градот Делчево. Главна цел на дератизацијата е да се намали популацијата на глодарите кои, освен што се преносители на заразни болести, во потрагата по храна можат да предизвикаат оштетувања на разни видови инсталации, како телекомуникациски, водоводни, но и штети во домовите.

# ЗФГ„ Копачка“ одбележа 75 години постоење

Култура



ЗФГ „Копачка“ одбележа значајни јубилеи, 75 години од основањето на ЗФГ КОПАЧКА с. Драмче, Делчево, 20 години од донесувањето на Конвенцијата за заштита, афирмација и промоција на светското нематеријално културно наследство на УНЕСКО, како и девет години од впишувањето на орото „Копачката“ во УНЕСКО. По тој повод се одржа концерт на кој беше презентирано изворното богатство од Пијанец што го чува и промовира оваа фолклорна група.
Концертот го отвори градоначалникот Трајковски, кој во своето обраќање честитајќи го големиот јубилеј, порача младите да учат од овој пример- да учат како се сака родниот крај и достојно да го продолжат патот на „Копачката“ кој е фолклорен бренд на Делчево.
-Приказната на „Копачката“ е единствена по многу нешта, но во овие 75 години, заеднички именител е ентузијазмот, љубовта кон фолклорот, несебичноста. Вљубениците во орото, успеаја од соборите и свадбите во живописното Драмче, да ги промовираат играорните чекори надвор од Пијанец и Македонија, на фолклорните фестивали во земјите од бивша Југославија и Европа, а денес и во светот- и да ја освојат светската фолклористика запишувајќи се на листата на заштитено нематеријално културно наследство на УНЕСКО, истакна Трајковски.
Тој порача дека играорците и нивните раководители, но и Општина Делчево, како и Министерството за култура, сите заедно делувајќи секој од свој аспект, се стремат кон повисоки вредности, кога е „Копачката“ во прашање.
За претседателката на „Копачка”, Перса Стојановска, целта е орото да остане живо.
– Ова е еден од најважните критериуми, ако не и најважен за впишувањето и одржливоста на Копачката во УНЕСКО. Ја користам можноста јавно да се заблагодарам на министерката Бисера Костадиновска Стојчевска и на Министерството за култура за редовното вклучување во националните програми со што во континуитет во последните 15 години имаме развиено над 60 проекти, и на Општина Делчево и градоначалникот Трајковски за перманентната поддршка на „Копачката“, додаде Стојановска.
Претходно, Фолклорната група „Копачка“ чекорите на најпознатото оро ги презентираше пред министерката за култура Бисера Костадиновска Стојчевска во центарот на Делчево. Честитајќи им го јубилејот, Костадиновска- Стојчевска рече дека „Копачката” е чувар на нашето нематеријално културно богатство.
-Копачка е прогласено за културно наследство од особено, исклучително значење во Северна Македонија. Поддржувајќи ја Фолклорната група „Копачка“ во бројните настапи дома и во светот, комплетирањето и одржувањето на носиите, поддршка на документарни записи, спомен-собите на дедо Митко и на Димитар Узунски, наречен пијанечки Цепенков, ние, всушност, вложуваме во одржувањето на нашиот културен идентитет, рече Костадиновска -Стојчевска.
ЗФГ „Копачка“ по повод јубилејот додели благодарници на градоначалникот Трајковски и министерската Костадиновска-Стојчевска и на сите пријатели и поддржувачи на „Копачката“.

Култура

# Ораторска средба на тема „Празници се ближат“




Во организација на ЈЛБ„Илинден“, а во соработка со СОУ„М.М.Брицо“ беше организирана ораторска средба на тема „Празници се ближат“ на која учествуваа 11 средношколци.

Целта на ораторските средби е да се поттикнат младите храбро, јавно, културно, елоквентно да зборуваат за актуелните теми, бидејќи ораторството не е само вештина, туку и уметност на јавниот настап. Како што истакна директорката на ЈЛБ „Илиднен“ Билјана Петровска, ораторството треба да се негува во сите степени на образованието

- Уметноста да се зборува добро или мајсторството на јавниот говор – ораторството, сѐ повеќе е маргинализирано. Ораторството не е само вештина, туку и уметност и за јавниот настап е потребна голема подготовка, храброст, но и желба и волја да се направи тоа. Во последно време сведоци сме дека младите луѓе се летаргични и незаинтересирани, тоа го вклучува, за жал и ораторството и го става во една позиција на подзаборавеност. За среќа, постојат институции, факултети, училишта и библиотеки кои се трудат да ја негуваат оваа уметност. Затоа и ние како библиотека даваме придонес и го ставаме ораторството на пиедестал. Но, за добро да се говори, мора и да се чита, затоа немој да шепотите, туку јавно и гласно да зборувате за сѐ, порача Петровска.

На ораторската средба учествуваа: Стефанија Тодоровска, Анастасија Ѓеорѓиевска, Нела Јовановска, Милена Ангелова, Искра Георгиевска, Ана Димитровска, Даме Ивановски, Ана Мавродиева, Сара Ангелова, Ана Ангеловска, Андреа Димитровска.

Сите учесници добија благодарница и подарок книга од библиотеката, а Комисија составена од професори по македонски јазик за најдобри оратори ги избра: трето место за Милена Ангелова, второ место за Андреа Димитровска и прво место заИскра Георгиевска.

# Делчево во новогодишна бајка



































2024

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**